РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

**Предмет: Записник од јавната расправа по повод Нацрт документот за Анализа на пазарите 11 (разврзан пристап до локална јамка и подјамка) и 12 (услуги со широк опсег)**

Скопје, 09.06.2010

Присутни:

| Агенција за електронски комуникации | Македонски Телеком А.Д. (МКТ) | Оне | Неотел |
|---|---|---|---|
| Марјан Пејовски (МП)<br>Синиша Апостолоски (СА)<br>Игор Ангеловски ( ИА)<br>Љупчо Маневски (ЉМ)<br>Владимир Ристевски (ВР)<br>Петар Тасев (ПТ) | Ѓорге Димов (ЃД)<br>Никола Огненовски (НО)<br>Розалија Георгиева (РГ) | Ивица Дојчиновски (ИД) | Теди Цоневски (ТЦ) |

| Лице | Активност и коментар |
|---|---|
| МП | Отворање на состанокот за јавна расправа по повод Нацрт документот за Анализа на пазарите 11 и 12. |
| НО,ЃД | Забелеша во врска со нецелосно направените економски тестови односно согласно со насоките на Европската Група на Регулатори при forward looking анализа потребно е спроведување на три критериумски тест при што доколку еден од критериумите не се исполни не се препорачува наметнување на ex ante регулација.Истиот треба да биде направен целосно опфаќајќи ги сите индикатори, а воедно транспарентно бидејќи треба да биде основа за заклучоците во анализата. |
| МП | И во анализата на АЕК три критериум тестот е опфатен како во Европската пракса. Во самиот документ не се наведува експлицитно тестот меѓутоа сите индикатори од трите критериуми се опфатени во самиот текст на Анализата.<br>Претходната препорака за релевантни пазари е изменета што наместо 18 релевантни пазари, во новата препорака постојат 7 релевантни пазари кои се подложни на претходна регулатива. Пазарите кои повеќе не се составен дел на важечката препорака за релевантни пазари, националните регулаторни тела и понатаму можат да ги регулираат, но на начин што најпрво ќе докажат дека на тие пазари истовремено е задоволен три критериум тест (three-criteria test). Во овој случај критериумите сметаме дека се задоволени а како поткрепа за третиот критериум во врска со недоволноста на Законот за заштита на конкуренцијата за регулација на овие пазари АЕК во документот го истакнува и мислењето од страна на Комисијата за Заштита на конкуренцијата, кое воедно е и составен дел |

| | |
|---|---|
| | на овој Нацрт документ за Анализа. |
| НО,ЃД | Потребно е да се земат во предвид и да се опфатат критериумите на хипотетичкиот монополистички тест кој е потенцијален метод за утврдување на супституција на страната на побарувачката и супституција на страната на понудата. Доколку МТ ја зголеми цената на малопродажниот пазар за 5% голем број од нивните корисници ке се префрлат на дру оператор (кабелски оператор) што претставува јасен показател дека постои конкуренција на пазарот. Хипотетичкиот тест треба да биде направен и за големопродажниот пазар и да се наметнат обврски за големопродажба и на кабелските оператори. Кабелските оператори се во можност да ги отворат своите мрежи и да понудат битстрим пристап барем на 3 и 4 ниво, согласно препораките на ЕРГ.<br>Малопродажниот пазар не е доволно хомоген односно еден оператор (кабелски) доколку функционира во повеке градови нуди различни цени за иста услуга, додека МТ нуди исти цени на малопродажниот пазар на цела територија од РМ. Токму поради тоа пазарот не треба да се разгледува на национално ниво туку треба да се подели на региони во кои СМП се кабелските оператори бидејќп во некои од нив нивниот уделот достигнува над 60%. |
| ИД | ОНЕ Телекомуникациски услуги СД Скопје не се согласува со тврдењето на Македонски Телеком АД Скопје дека на малопродажниот пазар на целата територија на РМ нуди услуги со исти цени.Како потврда на нашето тврдење е т.н Специјална понуда која се нуди на корисници во регионите на градовите Прилеп, Битола, Штип и Струмица која значајно се разликува од понудата на МТ за корисниците од останатиот дел на РМ, како по техничките карактеристики така и ценовно. Со вакавата понуда се кршат основните начела на недискриминација и транспарентност од Правилникот за начинот и постапката за регулирање на малопродажните цени, Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга, Правилникот за обезбедување на услуга за изнајмување на големо на претплатнички линии и злоупотреба на доминантната позиција .Дополнително сметаме дека истата не може да биде сметана како времена или промотивна бидејќи истата врши договорно врзување на корисникот на временски период од 12 месеци. |
| МП, СА, ИА | АЕК смета дека релевантните пазари се доволно хомогени и согласно тоа географската дефиниција на пазарот која ја опфаќа целата територија на РМ и ја дефинира како еден пазар е издржана. Пазарот е доволно хомоген и од аспект на цените и истите се разликуваат во некоја граница од 100 ден помеѓу различни понуди за интернет пристап од страна на различни оператори. АЕК се согласува со ставот дека во одредени региони од РМ, кабелските оператори имаат поголем пазарен удел но генерално нивниот удел не надминува 30-ина % односно овој процент го сочинуваат голема бројка на оператори. Меѓутоа и во регионите каде |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
Ул. „Димитрие Чуповски" бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

| | |
|---|---|
| | функционираат повеќе кабелски оператори и имаат поголем пазарен удел, истите индивидуално имаат пониски удели на пазарот и токму поради тоа АЕК номоже да ги прогласува за оператори со значителна пазарна моќ и да им наметнува обврски. |
| НО, ЃД | МТ не се согласува со мислењето на АЕК и бара детализирање на податоците и разгледување на пазарот на регионално ниво, посебно во делот на малопродажните понуди на кабелските оператори. |
| МП | АЕК го прифаќа размислувањето на МТ за кревање на нивото на деталност на податоците кои што се обработуваат и објавуваат во кварталните извештаи како извор за вршење на анализите. Согласно ова размислување АЕК смета дека треба ова прашање да се разгледа на друг состанок со операторите. Истовремено би сакале да истакнеме дека ова постоечко ниво на детално објавување на податоците е во договор со операторите кои повеќе пати инсистираат на необјавување на ценовно сензитивни информации како и се повикуваат на доверливоста при доставување на податоци. |
| НО, ЃД | МТ бара да не се разгледува односно регулира оптиката (FTTx) бидејќи градењето на оптичката мрежа претставува инвестиција во која се вложуваат големи парични средства. Регулацијата на истата може да настапи само после дефиницијата на новите пазари и анализата на истите пазари. |
| МП, СА, ИА | Според ERG размислувањата за регулаторните принципи на NGA, кои во исто време претставуваат и заеднички став за регулацијата на NGA од 2007 ERG (07) 16rev2, националните регулаторни тела треба да ја адаптираат дефиницијата на пазар 11 со цел да ги вклучи сите сценарија на развојот на оптичките мрежи во пристапниот дел на мрежата. (FTTH, FTTB, FTTC). Согласно истиот документ за пазар 12 не се потребни промени поради тоа што по дефиниција од препораката за релевантни пазари 2003/311/ЕК од 2003 година пазар 12 ги опфаќа сите видови на битстрим пристап независно од технологијата во пристапната мрежа.<br>Согласно драфт препораките на европската комисија за регулиран пристап на следна генерација на пристапни мрези од 25 јуни 2009, националните регулаторни тела треба да спроведат ex-ante регулација на овие пристапни мрежи и Агенцијата своите активности ќе ги насочи согласно овие препораки. |

Изработил:
Петар Тасев

Водич на група за анализа
Марјан Пејовски